РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08-127/4
26.12.2022 год.
Валандово

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 150/21 и 173/22), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на седумнаесеттата редовна седница одржана на ден 26.12.2022 година, донесе

# БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР
## за 2023 година

Со буџетскиот календар за 2023 година се определуваат роковите, активностите и одговорноста во донесувањето на Буџетот на Општина Валандово за 2023 година, како што следува:

| **МЕСЕЦ** | **Буџетски активности - одговорност** |
|---|---|
| | |
| Септември | Градоначалникот на општината ги утврдува и ги доставува главните насоки за изготвување на предлог-финансиските планови за 2024 година на општинските буџетски корисници. |
| Октомври | Раководителите на општинските буџетски корисници до Градоначалникот ги доставуваат предлог-финансиските планови за наредната година со образложение за висината на износите по позиции. |
| Октомври | Се анализираат предлог-финансиските планови добиени од буџетските корисници, од страна на Одделението за финасиски прашања, се усогласуваат и се информира Градоначалникот. |
| Октомври | Градоначалникот подготвува предлог план на програми за развој. |
| Октомври/Ноември | Советот го одобрува предлогот на планот на програмите за развој и тој станува составен дел на Предлог-буџетот |
| Ноември | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените буџетски пресметки и го одобрува Предлог-буџетот, подготвен од Одделението за финансиски прашања. |
| Ноември | а. Предлог-буџетот се доставува до Советот на општината<br>б. Се објавува содржината на Предлог-буџетот и се дава на достапност на јавноста; и<br>в. Се одржуваат јавни расправи |
| Декември | До Советот се доставува конечен Предлог - Буџет од страна на Градоначалникот |
| Декември | - Предлог-Буџетот го разгледува комисијата за финасирање, буџет и локален економски развој;<br>. Седница на Советот на општината за донесување на Буџетот за наредната година;<br>- Доколку Советот не го усвои Предлог- буџетот се донесува Одлука за времено финансирање согласно чл.28 ст.2 од Законот за финансирање на ЕЛС.. |

Буџетскиот календар влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Совет на Општина Валандово
Претседател
Владимир Марков